Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Врз основа на член 11-к став (1), (2), (3) и став (4) од Законот за Пожарникарство, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19), и согласно Правилникот за постапката за управување со ефектот на вработените во ТППЕ, следење, оценување и предлагање на мерки за подобрување бр. 01-461 од 17.05.2023 Општина Виница објавува:

04-603/3

15.07.2024

ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.01/2024

за унапредување на 1 (еден) професионален пожарникар во ТППЕ на Општина Виница на неопределено време

1. **ПОЖ0210Б04000 Командир на Територијалната противпожарна единица -1(еден) извршител**

Општи услови

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност,
- активно да го користи македонскиот јазик.

Кандидатите, покрај општите услови треба да ги исполнуваат и следните услови:

Посебни услови

- ниво на квалификации: VI / А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО,или најмалку вишо или средно образование: Вишо, средно гимназиско или средно стручно образование
- најмалку три години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување како работен стаж.

Општи работни компетенции:

- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- ориентираност кон засегнати страни.
- стратешка свест
- раководење
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг

Работното време е организирано во смени и трае од 07 до 19 часот и од 19 до 07 часот.

Паричен нето износ на плата: 33.761,00 денари за работното место.

Работни часови неделно: 40 работни часа.

На интерниот оглас може да се јават професионални пожарникари вработени во ТППЕ Виница кои ги исполнуваат условите пропишани за работното место, како и:

- Да е оценет со оценка А или Б при оценувањето во 2023 година;
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво, или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- Да поминал најмалку две години на тековното работно место;
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас;

Кандидатите кон пријавата треба да ги достават следниве документи:

- Мотивационо писмо и кратка биографија (пополнети во самата пријава)
- Уверение за државјанство (оригинал или заверено на нотар)
- Лекарско уверение како доказ дека има општа здравствена способност за работното место за кое се пријавува (оригинал)
- Уверение дека не е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност
- Уверение/диплома за завршено соодветно образование (оригинал или заверено на нотар)
- Извод од историјат на вработување од Агенцијата за вработување како доказ за работно искуство

Пријавата за вработување треба да содржи

- Податоци за огласот,
- Лични податоци на кандидатот: Име и Презиме; Припадност на заедницата; Датум на раѓање; Пол; ЕМБГ; Адреса на живеење според

податоци запишани во лична карта; Податоци за контакт (адреса, телефон, e-mail адреса),
- Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување на ДА/НЕ за секој услов одделно,
- Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување на ДА/НЕ за секој услов одделно,
- Изјава за исполнување на други посебни услови за работното место со наведување на ДА/НЕ,
- кратко мотивационо писмо и биографија,
- Изјава за потврда на веродостојност на податоци,
- потпис на кандидатот.

Пријавата за вработување може да се превземе од веб страната на Општина Виница www.opstinavinica.gov.mk

Пријавата за вработување со задолжителните докази за исполнување на условите се доставува во хартиена форма во архивата на општина Виница;

На адреса – Општина Виница, ул.„Бел Камен“, бр.13 Виница, со назнака „за интерен оглас“ и на службената електронска адреса hrvinica@gmail.com

Огласот трае 5 (пет) работни дена не сметајќи го денот на објавувањето на огласот.

Ненавремена, невалидна и некомплетна пријава нема да биде предмет на разгледување.

Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2023 година се: Македонец(ка) 2 извршители.

Напомена: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата, или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Градоначалникот на Општина Виница.

Градоначалник
општина Виница
Миле Петков